# ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

7504, Долнени Тел./Факс: +389 48 453 210 info@opstinadolneni.gov.mk www.opstinadolneni.gov.mk


ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMUNA DOLLNEN
Долнени Бр./Nr. 03-57/2
Dollnen 23.01 2023 год./vit

## ЗАПИСНИК

од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ" бр.238/19) на ден 23.01.2023 година со почеток во 10,00 часот во службените простории на Општина Долнени пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Долнени со Решение број 09-57/1 од 17.01.2023 година во состав:

- Сатки Мифтароски- Раководител на Одделение за инспекциски работи во Општина Долнени- ментор на кандидатот за инспектор;
- Јасмин Хасановиќ- Комунален инспектор во Одделението за онспекциски работи во Општина Долнени;
- Благоја Гешоски – член од инспекциски совет
- Блаже Димески – член од општина Прилеп;

се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Кандидати за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се:

Емран Ќамилоски на работно место помлад комунален инспектор во Одделението за инспекциски работи во Општина Долнени.

Јасмин Тариќ на работно место самостоен градежен инспектор во Одделението за инспекциски работи во Општина Долнени

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор при што кандидатите Емран Ќамилоски и Јасмин Тариќ извршија симулиран инспекциски надзор со планирање и подготвување на истиот, спроведување на инспекцискиот надзор со подготвување на инспекциски акти, затворање на инспекцискиот надзор и документирање на истиот.

Кандидатите за инспектори презентираа вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидаттите за инспектори Емран Ќамилоски и Јасмин Тариќ, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

Кандидатот **Емран Ќамилоски** се стекна со:

- Планирање и подготвување на инспекцискиот надзор- 12 бодови
- Спроведување на инспекцискиот надзор-25 бодови
- Затворање на инспекцискиот надзор-27 бодови
- Документирање на инспекцискиот надзор-12 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор: Емран Ќамилоски-помлад комунален инспектор, **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени вкупно 76 бодови.

Кандидатот **Јасмин Тариќ** се стекна со:

- Планирање и подготвување на инспекцискиот надзор- 14 бодови
- Спроведување на инспекцискиот надзор-26 бодови
- Затворање на инспекцискиот надзор-27 бодови
- Документирање на инспекцискиот надзор-13 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор: Јасмин Тариќ –самостоен градежен инспектор, **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени вкупно 80 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се одвиваше во следниот временски период:

- Емран Ќамилоски - Почеток во 10,00 часот до 12,00 часот на ден 23.01.2023 година
- Јасмин Тариќ - Почеток во 12,00 часот до 14,00 часот на ден 23.01.2023 година

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор:

1. Сатки Мифтароски ____________________
2. Јасмин Хасановиќ ____________________
3. Благоја Гешоски ____________________
4. Блаже Димески ____________________